Врз основа на член 65, став (6) и (8) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 79/06, 101/06, 109/06, 24/07, 159/08, 159/08, 83/09, 1/10, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22), Градоначалникот на Град Скопје, на ден __________ година, донесе

**О Д Л У К А**
**за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Генерален урбанистички план на град Скопје кој го донесува Советот на Град Скопје, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Генерален урбанистички план на град се определуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски и општините во градот Скопје.

3. За планскиот документ Генерален урбанистички план на град Скопје, за чија изработка е одговорен Градоначалникот на Град Скопје, а го донесува Советот на Град Скопје, донесувањето на планскиот документ Генерален урбанистички план на град Скопје создава основа за предходно утврдување на веројатноста односно оцена дали ќе има значајно влијание врз здравјето на луѓето и дали донесувањето на истиот ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанијата на Генерален урбанистички план на град Скопје врз медиумите на животната средина воздух, вода, почва и биодиверзитет.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Град Скопје на следната веб адреса: **www.skopje.gov.mk**

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-3489/1

Скопје, 04. 04. 2023

Градоначалник на Град Скопје
Данела Арсовска